Consult for Management,
Training and Technologies

Извештај

Завршна оценка на програмата Применето образование за млади Роми (ПОР)

октомври 2006



Изготвен од Ралф Ланге, ФАКТ
со прилози од
Глигор Михајловски (МЦМС)

Содржина:

0 Резиме 5

1 Вовед 9
- 1.1 Позадина и цели на оценката 9
- 1.2 Процес, активности и методологии 10
- 1.3 Контекст 11
- 1.4 Признанија 11

2 Наоди и заклучоци 11
- 2.1 Релевантост на програмските цели и севкупниот пристап 11
- 2.2 Оценка на резултатите и влијанијата на програмата 13
  - 2.2.1 Севкупни достигнувања во поглед на целта и намената на програмата 13
  - 2.2.2 Подигање на свеста во ромските заедници за важноста на основното образование 15
  - 2.2.4 Подобрување на квалификациите и способностите на младите Роми .. 20
  - 2.2.5 Активности за лобирање и застапување 24
- 2.3 Планирање, имплементација и мониторинг на програмата 26

3 Можности за унапредување на образованието и вработеноста на младите Роми 30

Анекси :

Анекс 1 Општи услови
Анекс 2 Распоред на оценката и активностите
Анекс 3 Резултати од студијата за постигнувањата на МЦМС
Анекс 4 Собрани податоци за клучните показатели
Анекс 5 Тим за презентација на оценката на партнерската работилница за ПОР
Анекс 6 Резултати од партнерскатаа работилница за ПОР
Анекс 7 Презентација од испитувањето на резултатите
Анекс 8 Библиографија на анализирана документација

Слика на насловната: направена од *Operation Dagswork*

”Добротворството не помага, нам ни треба работа врз менталитетот на нашиот народ”

Директор на Ромска НВО

Листа на кратенки

ДЦП	Данска црковна помош
ТО	Тим за оценка
ИКУ	Интер-културно учење
Л & З	Лобирање и застапување
МЦМС	Македонски центар за меѓународна соработка
МОН	Министерство за образование и наука
МТСП	Министерство за труд и социјална политика
ОД	*Operation Dayswork*
ПОР	Македонската кратенка за програмата „Применето образование за млади Роми“
ОУ	Основно училиште
ОнН	Опис на надлежности
СО	Стручна обука

0 Резиме

Историја и преглед
Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) ја имплементираше програмата „Применето образование за млади Роми“ од 2001 до 2005 година со помош на средствата од Данската средношколска организација “Operations Dagswork” (ОД) и во партнерство со Данската црковна помош (ДЦП). Програмата ја спроведуваа со 15 локални и регионални НВО кои работат на полето на образование на Ромите. Трањето на програмата беше продолжено за година и половина (од средината на 2004 година до средината на 2005; активностите за лобирање и застапување продолжија до крајот на 2005 година). Вкупниот буџет за периодот од 2001 до 2005 година изнесуваше 961.150 евра. Најголемиот поединечен буџет беше потрошен за активности за подигнување на свеста (спроведувани од страна на невладините организации) со вкупен трошок од 324.168 евра.

Општата цел беше подобрување на учеството на децата Роми во основното образование. Клучните интервенции на програмата беа: (а) подигање на свеста за образованието во Ромските заедници; (б) градење односи помеѓу основните училишта и Ромските заедници; (в) подобрување на квалификациите на младите Роми преку обезбедување професионална обука и пракса во мали и средни претпријатија, и (г) лобирање и застапување по прашањата за образованието на Ромите.

По среднорочната оценка во 2003 година, беше извршена и завршна оценка од посетата по завршувањето на активностите од страна на тим надворешни консултанти - Ралф Ланге од ФАКТ и претставник од МЦМС, Глигор Михајловски, кој работи во одделението за граѓанско општество. Во финалната фаза на проценката се вклучи и набљудувачки тим од ОД, како и гости од организации од Киргистан, поддржани од ОД. Главни цели на оценката беа: (а) оценување на успешноста на програмските цели и резултати; и (б) давање препораки за понатамошно унапредување на процесот на интеграција на младите Роми во основото образование. Тимот за оценка (ТО) се фокусираше на влијанието кое го извршила програмата и на нејзината одржливост.

Оценката се одвиваше од 18 до 29 септември 2006 година, девет месеци по завршувањето на истата. Главните активности беа во облик на интервјуа со клучните актери, посети на шест невладини организаци и завршна работилница со партнерите на која се дискутираа критичните точки на ПОР, како и што понатаму.

Главни наоди и заклучоци:
Стратегијата за имплементација на ПОР остана релевантан и соодветна и во вториот период на програмата (2004-2005). Некои од поголемите промени беа вклучување на учениците од прво до четврто одделение во активностите на ПОР, ставање поголем фокус на сензитирање на наставниците преку семинарите за интер-културно учење (ИКу), како и овозможување на пракса преку компонентата „стручна обука“ (СО). Дел од координацијата на оваа активност се префрли од ПОР на МРФП. Овие промени беа реализирани само во 2005 година.

Интервенциите во програмата ПОР и во стратегијата на имплементаирање беа во голема мера важни и соодветни, како што беше наведено во среднорочната оценка. Јасен знак за важноста на пристапот кон програмата во поглед на основното образование е нејзиното приспособување од страна на други национални актери (на пр. ФИООМ) и Ромските НВО кои учествуваа во ПОР.

Веројатно најголемото влијание на ПОР беше подобрувањето на капацитетот на ромските НВО за имплементирање образовни проекти. Најголемиот број НВО кои беа посетени, ја продолжуваат работата на тоа поле, честопати со нови надворешни извори на финансирање. Ова можеби не е случај кај најголемиот број партнери на ПОР, но секако, постојат добри знаци за одржливост на интервенциите за градење капацитети. Во секој случај, процесот на зголемување на учеството на децата Роми во образованието е далеку од завршен. Потребно е понатамошно внимание од страна на државата, училиштата, како и актерите на граѓанското општество, кои треба да го овозможат овој процес.

Постигнат е напредок и во подигање на свеста за образованието во ромските заедници, иако оние ромски заедници кои се економски и социјално најзагрозени, остануваат тешко достапни. Прекинувањето на школувањето и повторувањето на годините се уште останува најизразено кај ромските деца, во споредба со останатите етнички групи, иако се назираат мали подобрувања како резултат на програмските активности. Нередовното посетување на училиштата од страна на децата Роми продолжува да биде сериозен проблем, особено во ромските заедници кај кои се практикува сезонска работа. Останува уште многу да се направи за да се подобри свеста за образованието кај маргинализираните ромски заедници. Некои од можните чекори се: поврзување на градењето свест со неформалното образование, особено за младите мајки, како и подобро користење на позитивните модели (млади идоли) и советување помеѓу врсници. Една од пречките е непроменетата лоша социо-економска положба во многу ромски заедници. Доколку повисокото ниво на образование не резултира со подобар пристап на младите Роми да можностите за вработување и подобар живот, тогаш свеста за образованието би можела да не се зголеми онолку колку што се предвидува.

Училиштата известија дека со помош на НВО партнерите, односите помеѓу училиштата и ромските заедници се подобрени, иако достигнувањата и одржливоста тешко можат да се измерат. Наставниците и членовите на стручните тимови од училиштата кои учествуваа во активностите на ПОР се посензитирани за образованието на Ромите. Меѓутоа, бројот на наставниците кои учествуваа во активностите на ПОР беше споредбено мал. Немаше доволно механизми во училиштата за пренесување на знаењето од ПОР на мнозинството наставници. Честата смена на директорите дополнително влијаеше на одржливоста на проектот. Вклучувањето на учениците од прво до четврто одделение и на нивните наставници се случи предоцна. Другите актери ставаа многу поголем акцент на оваа група. Понатаму, некои од наставниците вклучени во ПОР покажуваа се поголем отпор кон надворешното влијание за ставање на ромските прашања повисоко на листата на обрзовните приоритети.

Компонентата „Подобрување на квалификациите и вработувањето на младите Роми“ главно се фокусираше на две активности: овозможување на пракса во приватниот сектор и зголемено внимание од страна на локалните агенции за

вработување и работодавците. Моделот на пракса, координиран од страна на МРФП, беше пилот-проект за сите вклучени. Општиот одговор на практикантите беше позитивен; повеќето преферирале пракса наспроти обука во работнички универзитети. Околу 30 проценти од учесниците во моделот на пракса се или вработени или ја продолжиле праксата без надворешно финансирање. Имајќи ја предвид ниската стапка на учество на младите Роми на пазарот на труд (помалку од 20%), стапката на вработување е охрабрувачки прв чекор. Клучни лекции: времето за подготовка беше прекратко и процесот на избор на фирми и практиканти не беше секогаш задоволителен. Моделот на пракса е речиси невозможно да го повторат некои јавни институции и ромски НВО без надворешно финансирање, првенствено поради трошоците кои тоа ги повлекува (на секој работодавец му беше платена одредена сума за да вработи чираци Роми). Поради фактот што унапредувањето на вработувањето е поле кое бара посебна стручност, тоа не треба да се имплементира во рамките на програма за промовирање на основното образование.

Четвртата компонента на ПОР, подобра информираност на јавноста по прашањата за образованието на Ромите, беше приоритет на ПОР во втората фаза. ПОР веќе го привлече вниманието на неколку клучни министерства (Министерството за образование и Министерството за труди социјална политика), програмата веќе беше позната во јавноста, особено на Меѓународниот ден на Ромите. Во рамките на програмата беа издадени неколку истражувачки трудови со посебен фокус на интеграцијата и образованието на Ромите. Клучната стратегија беше поддршка на мрежата *Рома 2000* за да можат ромските НВО со здружени сили да ги вршат активностите за лобирање и застапување и да ги направат напорите на ПОР во таа област одржливи. Мрежата беше регистрирана како национална НВО во 2005 година, но нејзините предизвици допрва следуваат доколку таа сака да успее во напорите за успешно функционирање на полето на ЛиЗ. *Рома 2002* се потпира на надворешно финансирање за да ја одржи својата административна канцеларија во Скопје. Очекувањата во врска со нејзината улога се разликуваат помеѓу нејзините членови. Некои ја гледаат оваа платформа како тело за собирање средства и спроведување заеднички проекти. Други, пак, би сакале да се вратат на стариот модел на ротирачкото претседавање и „lean" структурата, кои се практикувале пред мрежата да стане НВО. Членовите се ограничени во поглед на прифаќање нови членови. Во јавноста се познати само истакнатите членови на мрежата, но не и самата мрежа. Вработените не поседуваат доволно професионални квалификации за лобирање, ниту пак за донесување одлуки. Сепак, мрежата *Рома 2002* е иницијатива вредна за спомнување, доколку, во иднина, таа се ограничи на својата основна функција - ЛиЗ, што би можело да вклучи и спроведување проекти, како на пример кампањи. Во 2007 година, напредокот треба да се оцени заеднички со претставници на МЦМС и на мрежата.

Наодите од среднорочната оценка на координацијата и управувањето со програмата се во голема мера валидни и денес. Логичката рамка на ПОР беше во целост разгледана по среднорочната оценка и беа додадени показатели за мерење на влијанието. Како и да е, механизмите и алатките за мониторинг не беа прилагодени на новата логистичка рамка и на показателите. Треба да се посвети повеќе внимание на мониторингот на терен и на документирање на влијанието. Капацитетот за овие активности треба да се развие на сите нивоа (персоналот на МЦМС и партнерите за имплементирање). Финансиското управување на партнерските НВО е уште еден од недостатоците. Персоналот на МЦМС ги компензираше тие слабости и

потроши поголрм дел од своето време за мониторинг и насочување на програмата за постигнување на очекуваните резултати.

Можности за унапредување на образованието и вработувањето на младите Роми:

Беа дискутирани четири опции:

Првата опција – поддршка на мрежата *Рома 2002* во иднина – е „минимално решение“ кое веќе се спроведува со финансиска поддршка од страна на ДЦП.

Втората опција е продолжување со ПОР на помалку локации со посебен фокус на:

- Најмаргинализираните ромски општини,
- Претшколското образование (нулта група) и учениците од прво до четврто одделение.

Третата опција предлага т.н. „mainstream“ програма за промоција на основното образование во контекст на процесот на децентрализација во Македонија. Оваа опција би се фокусирала на интервенциите на „meso“ ниво, вклучувајќи зајакнување на институциите за градење капацитети, градењето капацитети на училишните институции и зајакнување на локалната администрација за управување со образовните институции во општините. Унапредувањето на образованието кај маргинализираните групи (со Ромите како најзагрозена група) би претставувало уште една од компонентите на проектот.

Четвртата опција предлага унапредување на можностите за вработување на регионално ниво. Поради фактот што унапредувањето на вработувањето можеби не би бил приоритет на МЦМС и на МРФП, оваа опција повеќе се однесува на ромските НВО кои имаат интерес и капацитет да работат на ова поле.

1 Вовед

1.1 Позадина и цели на оценката

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е невладина и непрофитна организација основана во 1993 година која е активна на следните полиња: одржлив развој, подигнување на свеста и помош во Македонија. Нејзините стратешки цели се: промоција на мирот, иден развој на граѓанското општество во Македонија и помош на загрозените групи.

МЦМС ја имплементираше програмата „Применето образование за млади Роми“ (ПОР) од 2001 до 2005 година, со дополнителен период од една година и финансиски средства од данската средношколска организација“Operations Dayswork” (ОД) со својот партнер, Данската црковна помош (ДЦП). Програмата се спроведуваше на 11 локации низ Македонија со 15 локални и регионални НВО кои работат на полето на образование на Ромите и 15 основни училишта . Во втората фаза од 2004 година, координацијата на поголемиот дел на компонентата „стручна обука“ се префрли на МРФП, ќерка-организација на МЦМС која е фокусирана на микро-финансирање и развој на малите претпријатија.

Намерата на ПОР беше зголемување на учеството на ромските деца во основното образование и зголемување на можностите за вработување на младите Роми. Целите беа следни:

- Подигање на свеста за образованието во семејствата и кај децата од вклучените ромски заедници.
- Градење релации помеѓу вклучените општини и училиштата
- Подобрени квалификации и вештини на младите во ромските заедници
- Подобра информираност на релевантните јавни институции и јавноста за образовните и другите аспекти на положбата на Ромите.

ПОР беше една од најголемите програми за зголемување на учеството на Ромите во основното образование во Македонија во последната деценија. Таа беше прва програма со толкав обем на тоа поле која се спроведе со и од страна на ромски НВО и НВО кои работат со Роми. Другата поголема национална НВО која беше активно ангажирана на ова поле е фондацијата Институт Отворено Општество – Македонија (ФИООМ).

По среднорочната на ПОР направена во 2003 година, МЦМС спроведе завршна оценка по завршување на активностите која ја изврши тим од еден надворешен консултант – Ралф Ланг од ФАКТ и Глигор Михајловски, од одделението за граѓанско општество во МЦМС. Ралф Ланге исто така ја раководеше и среднорочната оценка. Примарните цели на оценката беа следните:

- Да се оцени дали се постигнати целите и резултатите на програмата, како и релевантноста на пристапот и стратегиите на имплементирање.
- Да се елаборираат пред МЦМС и партнерите на МЦМС идните опции на полето на образованието на Ромите.

Главните критериуми на оценката, според општите услови беа: ефективност, ефикасност, одржливост и легитимност. ТО се фокусираше на анализа на

резултатите на оценката во поглед на постигнатото влијание, научените лекции и одржливоста. Ефикасноста на трошоците не се разгледуваше детално поради недостатокот на споредбени програми за одредување на референтните точки.

За целосната листа на цели и под-цели, погледнете во ОнН во Анексот 1

1.2 Процес, активности и методологии

Оценката се одвиваше од 18 до 29 септември 2006 година, 9 месеци по завршувањето на програмата. Во фазата на подготовка, МЦМС и пет други НВО кои учествуваа во оваа компонента од програмата, спроведоа студија за постигнувањата по оценката (резултатите погледнете ги во Анексот 3). Оценката се состоеше од:

- Кратка ***фаза на подготовка*** за градење на тимот, изготвување на алатките за истражување и ажурирање на програмата со помош на персоналот на МЦМС;
- ***Фаза на собирање податоци*** која вклучуваше: (а) интервјуа со изворните лица за образованието на Ромите; (б) интервјуа со галвните засегната страни (Министерството за образование, Министерството за труд, ФИООМ, (в) интервјуа и групни разговори со персоналот и менаџментот на МЦМС, (г) посети на петте партнерски НВО и партнерските училишта (дополнителна посета направи и набљудувачкиот тим на ОД) и (д) групни разговори со наставниците, учениците и родителите,
- ***Фаза на пренесување на искуствата и на верификација*** која се состоше од: (а) работилница со партнерите на (ПОР) за дискутирање на критичните точки и идните чекори, и (б) еднодневна сесија на оценувачите со тимот на ПОР за дискутирање на наодите и наодите и заклучоците.

Испитувањето на резултатите со менаџментот на МЦМС се одвиваше во последните денови од оценката. Петминатa набљудувачи од ОД и тимот од двајца гости од проектот во Киргистан (финансиран од ОД и координиран од ДЦП), учествуваа на еднодневната оценка на работата на терен која вклучуваше нивна самостојна посета на едно од партнерските училишта и учество на работилницата со партнерите на ПОР и на дискусијата во МЦМС во врска со наодите и заклучоците од оценката.

Карактерот на оценката беше комбинација на надворешно и внатрешно оценување, со помош на надворешен оценувач како раководител на тимот и член на МЦМС, кој беше делумно вклучен во имплементацијата на една од компонентите на ПОР (обука на практиканти/чираци) како ко-оценувач.
Освртот на постигнувањата го направи Фатмир Битики од МЦМС, кој исто така учествуваше во среднорочната оценка. Методите за собирање податоци вклучуваа:

- Второстепен преглед на податоците (погледнета го Анексот 8 за прегледаните документи и референците на текстот);
- Неструктуирани и структуирани интервјуа и разговори со групи и поединци;
- Прашалници што содржат вежба за рангирање (рангирање на ефективноста на интервенциите на ПОР);
- Состаноци на фокус групи и работилници со партнерите на ПОР.

Извештајот од оценката го направи Ралф Ланг од ФАКТ, со поодршка на Глигор Михаиловски од МЦМС.

1.3 Контекст

За опис на контекстот, погледнета ја точката 2.1. од извештајот за среднорчната оценка на проектот, за поголемите промени на контекстот, погледнете ја точка 3, надворешни фактори.

1.4 Признанија

Авторот на овој извештај би сакал да му заблагодари на целиот персонал на МЦМС и на партнерите на МЦМС кои ја овозможија оваа оценка. Посебна благодарност до Глигор Михаиловски кој понекогаш играше тројна улога во тимот на оценката: како оценувач, преведувач и возач истовремено, како и до Нахида Зекирова, координатор на ПОР, која неуморно ја организираше работата на терен и останатата логистика за тимот. Би сакале исто така да му се заблагодариме и на Владимир Лазовски, кој штотуку вратен од прекуокеанска работна задача во Судан, даде придонес во разговорите на тимот, а и на тимот од ОД кој активно учествуваше во последниот дел од работата на терен . И на крај, но не помалку важни, ќе ги споменеме и ќе им се заблагодариме на партнерите на МЦМС – ПОР, невладините организации и основните училишта кои учествуваа на работата на терен и на партнерската работилница. Нивниот интерес во оваа оценка која доаѓа речиси една година по завршувањето на најголемиот број активности на ПОР е навистина неверојатен и претставува знак за добро партнерство помеѓу нив и МЦМС.

2 Наоди и заклучоци

2.1 Релевантост на програмските цели и севкупниот пристап

Испитувањата на полето на образованието во 2005 година и понатаму го истакнува нискиот степен на учество на децата Роми во основното и средното образование во Македонија. Понатаму, студијата ја истакнува недоволната свест за потребата од образование кај ромското население. Оваа ситуација не се промени значително по започнувањето на ПОР и на образовните програми на останатите актери (ФИООМ, УНДП). Исто така, овие студии истакнуваат дека ромските деца не се доволно прифатени во образовната средина, каде се уште се видливи случаи на дискриминација.

И двете клучни прашања (а) подигање на свеста за образованието во ромските заедници и (б) подобрување на односите помеѓу училиштата и ромските заедници, а со тоа и подобрување на образовната средина за ромските деца во училиштата, беа во основата на концептот на ПОР.

Пристапот на МЦМС за работење со минимален финансиски поттик (фокус беше ставен на помагањето, а не на директната поддршка на корисниците, како на пример делење бесплатни учебници на загрозените семејства), предизвика контроверзни дискусии меѓу партнерските НВО во текот на среднорочната оценка. На ТО не му беа достапни студии за влијанието кои го споредуваат овој пристап со оние на

другите национални организации и донатори кои практикуваат директна помош за непосредно и долгорочно влијание. Во поглед на целите на ПОР, оценувачите се држат до ставот дека финансиската помош, гледана долгорочно, не придонесува за подобрување на посетеноста на училиштата и за подобрување на училишната средина за ромските деца. Едностраната поддршка на ромските деца би можела да биде и контрапродуктивна, поради тоа што би ја зголемила тензијата помеѓу децата од различните етнички групи („не прави зло“), особено доколку децата од останатите етнички групи се соочуваат со слични економски проблеми.

ФИООМ ќе промовира шест дополнителни ромски образовни центри во Македонија (во моментот постојат четири). Постојат сомнежи дека можеби овој пристап би ги поткопал напорите на ПОР да ги подобрат односите помеѓу основните училишта и ромските заедници. Недостатокот на образовните центри е тоа што тие прифаќаат само Роми и така ја потхрануваат поделбата. Уште една претпоставка е дека образовните центри ги ослободуваат училиштата од нивната должност да обезбедат простор за учениците кои сакаат да ги работат домашните задачи во училиштата или пак да се вклучат во дополнителни вонучилишни активности. Реалноста е дека некои од училиштата што ги посетивме не ги поседуваат тие основни простории бидејќи работат во две смени и немаат слободни училници. ТО смета дека двата пристапи можат да се надополнуваат, доколку постои соработка помеѓу училиштата и образовните центри (погледните во точката резултати).

ПОР примени пристап на мулти-стакехолдер на повеќе нивоа (макро, мезо и микро ниво) што вклучува институции на државно, регионално и локално ниво. Овој пристап е многу важен, иако, во конкретната имплементација, се појавија недоследности, особено на мезо ниво. На пример, требаше да се стави поголем фокус на помагање на размената помеѓу експертските тимови од училиштата вклучени во ПОР за подобра сензитација и градење капацитети (погледнете повеќе кај резултати).

Исклучувањето на децата од прво до четврто одделение од програмата ПОР е еден од најголемите недостатоци на концептот на ПОР во првата фаза[1]. Стратегијата беше изменета во втората фаза, но промената се случи предоцна. Образовните експерти со право ја истакнуваат важноста на унапредувањето на претшколското и почетоците на школското образование. Почнувајќи од учебната година 2006/7 па натаму, нулта групата (претшколско образование) стана задолжителна во Македонија. Постои голема потреба да се вложат напори за интегрирање на ромските деца во задолжителното претшколско образование; во спротивно тие и понатаму ќе бидат хендикепирани во образовниот процес.

Основниот концепт на ПОР за унапредување на свеста за образованието во ромсите заедници и преземање чекори за подобрување на односите помеѓу училиштата и ромските заедници, беше усвоен од страна на останатите актери на граѓанското општество, поточно од ФИООМ. Ова е показател за соодветноста на пристапот на ПОР. Сегашната политика на Министерството за образование и наука (МОН) не може соодветно да се оцени од страна на ТО бидејќи Бирото за развој на образованието не беше достапно за интервју. Управата за развој и унапредување на јазиците на етничките заедници го вреднуваше пристапот на ПОР. Меѓутоа, МОН не

[1] Во „неформалната“ пракса, некои од училиштата вклучија наставници од пониските одделенија во проектните активности уште од почетокот

одвои финансиски средства за унапредување на образованието на Ромите, што е едно од барањата на земјите што се приклучија на Декадата на Ромите. Овој недостаток на политичка волја силно влијаеше на одржливоста на интервенциите на ПОР и бара постојани напори за лобирање (погледнете ги резултатите, компонента ЛиЗ).

Заклучоци и препораки:

Пристапот и стратегиите на имплементирање на ПОР беа во голема мерка важни за образовните потреби на ромските заедници и за постигнувањето на пошироките програмски цели. Вклучувањето на учениците од прво до четврто одделение и на нивните наставници се случи премногу доцна и би требало да биде приоритет на која било друга програма или проект во иднина. Подеднакво важна е сензитацијата на ромските заедници за претшколското образование.

Пристапот на повеќе нивоа е од особена важност и би требал да се прошири посебно на мезо ниво, на пример, со зајакнување на институциите кои играат улога во градењето капацитети (на пример асоцијации на наставници).

Смената на клучниот персонал во министерствата по секои национални избори, бара постојани напори за лобирање и застапување. Мрежата *Рома 2002* е корисна иницијатива во тој поглед, исто како и иницијативити на поединечните ромски НВО и тие треба да се промовираат и во иднина (погледнета ја компонентата ЛиЗ во следното поглавје).

2.2 Оценка на резултатите и влијанијата на програмата

2.2.1 Севкупни достигнувања во поглед на целта и намената на програмата

Целта на ПОР беше: (а) да го подобри учеството на децата Роми во основното обрзование и (б) да ги зголеми можностите за вработување на младите Роми. Во ова поглавје ние ќе ја разгледуваме само компонентата основно образование.

Сите засегнати страни кои беа интервјуирани веруваат дека ПОР влијаела на подобрување на учеството на децата и младите Роми во оние училишта кои биле дел од ПОР. Во просек, тие пресметале дека севкупната цел на ПОР била остварена 50 до 60 проценти. Нема особени разлики во мислењата на посетените училишта и НВО.

Споредбената студија на влијанието, нарачана (наложена) од МЦМС и спроведена во декември 2005 година не укажува на „видливо значително подобрување во поглед на зголемување на процентот на ромски ученици како резултат на ПОР“. Овој заклучок го разгледуваат засегнататите страни за ПОР. Понатаму, во студијата се вели дека „постои благ тренд на подобрување во поглед на отпишаните деца од училиштата и бројот на деца од ромска националност што ја повторуваат годината“.

На ТО му беше тешко да го измери квантитетот и квалитетот на севкупните достигнувања на ПОР во однос на „подобреното учество во училиштата“. Показателот користен во логистичката рамка е „бројот и процентот на момчињата и

девојчињата Роми од вклучените општини кои посетуваат основно училиште“. На овој показател влијаат фактори кои се надвор од опсегот на програмата, како на пример намалувањето или зголемувањето на ромското население во одредена општина, миграциите, влошувањето на економската положба на ромските семејства. Како и во средната оценка, податоците собрани од НВО и од училиштата не беа секогаш веродостојни и не се правеше разлика помеѓу момчиња и девојчиња. Недостатокот од квалитативна мониторинг информација за влијанието (погледнете во мониторинг систем) понатаму ја усложни анализата. ТО исто така го разгледуваше и трендот на запишување на ромски деца во прво одделение и користеше други показатели од логистичката рамка за оваа анализа (промена во бројот на отпишани деца и во бројот на децата кои завршуваат основно образование).

50% од основните училишта покажаа зголемен број на запишани ромски деца во прво одделение, а останатите 50 % покажаа намалување на тој број.
Најголемо зголемување покажа Скопје (+ 30%), по него следува Прилеп (+25%). Во Гостивар, пак, имаме поинаква слика: има вкупно намалување од 9%, мало зголемување на бројот на ученици Роми (+3), но пад на бројот на запишани во прво одделение (-14%).
Зголемувањето на бројот на ромски ученици наспроти намалувањето на бројот на запишаните во прво одделение е показател за подобро учество во повисоките одделенија, па така и на поголем успех на целта на проектот на таа локација, доколку обезбедените податоци се точни. Најголемо варирање е забележано во Битола, што може да укажува на мобилност на населението. Во Прилеп, самото постоење на проект преку кој се обезбедуваат бесплатни учебници за ромските ученици во основното училиште „Добре Јовановски“, влијае на тоа, родителите на ромските деца што живеат во други делови на градот, да ги префрлат децата во тоа училиште. Може да се резимира дека причините за овој тренд на запишување се многубројни и дека можат само делумно да се припишат на програми како ПОР.

Статистичките податоци добиени од МЦМС[2] покажуваат дека најголем број на отпишани деца Роми има во петто и шесто одделение. Овој број, според податоците собрани за време на оценката е постојан, но сепак постојат подобрувања. На пример, во Битола, бројот на отпишани се намалил од 40% во учебната 2005/6 година на 35% во учебната 2006/7 година; во Куманово, локација со најголем број отпишани, во истиот тој период, бројот се намалил од 45% на 36%. Податоците не покажуваат еднаков тренд. Куманово има најголем број отпишани од сите посетени локации. Во Прилеп, каде ситуацијата е слична, („гетоизација“ на ромските општини), бројот на отпишани од локалното основно училиште (во кое има најголем број ромски ученици од сите училишта поддржани од ПОР), тој број е значително помал, што можеби е резултат на напорите на управата на училиштето во соработка со локалната НВО поддржана од ПОР и ФИООМ[3]. Најголемиот број посетени училишта рекоа дека доживеале зголемување на бројот на ромски деца кои го завршуваат основното образование. Овој податок не беше квантитативно пресметан, но е поврзан со постепеното намалување на бројот на отпишани ученици во петто, односно шесто одделение.

[2] Погледнете го годишните извештаи од програмата, анализа на прашалниците Локални основни училишта
[3] Погледнете повеќе во точката „Подобрени односи помеѓу училиштата и ромските заедници”

Сите НВО што беа дел од ПОР, известија дека имале повеќекратна корист од програмата. Најголемиот број од нив ги развија своите капацитети за имплементирање образовни проекти и за раководење со проекти преку размена на искуства со други НВО и со МЦМС во текот на ПОР. Преку ПОР, НВО успејаа за прв пат да добијат пристап до јавните институци, т.е. училиштата. ПОР обезбеди платформа за учество на ромските НВО и за привлекување поголемо внимание од страна на јавноста и државата. Четири од партнерите на ПОР се членови на националното координативно тело на Декадата на Ромите.

Повеќето НВО што ги посетивме, продолжуваат со образовни активности по завршувањето на ПОР. Неколку организации обезбедија пристап до нови извори на финансирање, а тоа го припишуваат на искуствата што ги стекнаа додека беа дел од ПОР. Еден донатор ја потврди оваа изјава.

Заклучоци и препораки:

Најверојатно најважното влијание на ПОР беше зголемениот капацитет на ромските НВО во имплементирањето на образовни проекти. Најголемиот број од посетените НВО ја продолжуваат својата работа на ова поле, често пати со нови извори на надворешно финансирање. Ова можеби не е случај со останатите партнери на ПОР, но секако, постојат добри знаци за одржливост на ефектот од градењето капацитети.

Зголеменото учество на ромски деца во основното образование беше постигнато како резултат на ПОР и на останатите проекти кои се работат на истото поле, со јасни индикации на некои локации за постигнат напредок. Но, процесот е далеку од успешно остварен, а резултатите можат да тргнат во погрешна насока доколку мерките кои беа иницирани од страна на ПОР не продолжат да се спроведуваат на ниво на основните училишта. Државата, особено Министерството за образование, се уште не покажува доволна посветеност на процесот. Ромските НВО ќе мораат да продолжат со своите напори да ја сензитираат јавноста како и ромските заедници во рамките на Декадата на Ромите (прочитајте повеќе во следниот дел на извештајот).

2.2.2 Подигање на свеста во ромските заедници за важноста на основното образование

Главните активности од оваа компонента се:
- организирање работилници за подигање на свеста во ромските заедници;
- посети на семејства (дел од компонентата градење односи);
- факултативни училишни активности;
- награди за истакнати ученици (летен камп и сл.).

Не беа направени промени во стратегијата за имплементирање на ова компонента во втората фаза. Освен организирањето на национален квиз-натпревар и летен камп, сите останати активности беа одговорност на локалните партнерски организации во соработка со партнерските училишта.

Показателите за мерење на напредокот и влијанијата според логистичката рамка беа следните:

- број на момчиња и девојчиња Роми кои ја повторуваат учебната година,
- број на момчиња и девојчиња Роми кои го напуштиле образованието;
- број на заинтересирани учесници за активностите за подигање на свеста.

Како што веќе беше споменато во среднорочната оценка, една од алатките за мерење на достигнувањата на ова поле, претставува адекватен мониторинг систем кој редовно прибира информации за квалитетни информации за постигнатиот напредок. Таков мониторинг систем не беше развиен во вториот период од проектот.

Анализа на индикаторот „број на ученици кои го напуштиле образованието“ веќе беше направена погоре во текстот. Бројот на отпишаните на може да и се припише само на „подигнатата свест“, туку и на одговорот на училиштата кон потребите на ромските ученици и обратно (погледнете ја следната точка), како и на пошироките рамковни услови (економската положба), на селењата на семејствата, итн.

Неколку НВО известија дека интересот на родителите за активностите на ПОР (работилници, трибини) постепено се зголемувал во текот на имплементацијата на ПОР, што исто така, претставува позитивен знак. Според училиштата и НВО, најефикасниот инструмент за зголемување на запишаните и намалување на отпишаните ромски деца од училиште, биле посетите на семејствата, во придружба на истакнат претставник на ромската заедница и член на наставниот тим на училиштето. Овие домашни посети исто така помогнаа да се обезбеди пристап до семејствата со понизок степен на образование и со понизок степен на свест кон образованието.

„Дебатите“ и работилниците со родителите имаа свои ограничувања во поглед на пристапот до маргинализираните ромски заедници. Еден НВО претставник рече: „ние најчесто ги гледаме истите лица на родителските средби, а ретко гледаме родители од посиромашните слоеви на ромското општество“. Во годишните извештаи на МЦМС постојано се повторува дека, имајќи ја на ум сиромаштијата во која тие (Ромите) живеат, таквата ситуација е разбирлива. Директорот на една ромска НВО искажа и едно свое „критичко мислење“: „добротворството не помага, треба да работиме на менталитетот на нашите луѓе“. Често пати се велеше дека социо-економската положба на ромските семејства е причината поради кој тие не ги праќаат децата на училиште. Од информациите што ги добивме од ТО, можеме исто така да претпоставиме и дека перцепцијата за вредноста на образованието во тие семејства не се сменила значително по започнувањето на ПОР. Овие групи, како што покажало досегашното искуство, се потешко достапни преку кампањите за подигање на свеста. Една од дискутираните опции беше да му се пристапи на прашањето на холистички начин, на пример, преку интегрирани програми за развој на заедницата или со помош на активности за описменување/неформално образование чија целна група би биле младите мајки.

Активностите за мотивирање и стимулирање (национални квизови, летен камп) беа важен елемент на програмата, бидејќи придонесоа во градењето односи помеѓу Ромите и главно, етничките македонски ученици, како и во застапувањето на национално ниво. Меѓутоа, тие се покажаа помалку ефикасни во процесот на подигање на свеста за образованието во ромските заедници.

Само во неколку случаи, вонучилишните активности продолжија по завршувањето на ПОР без финасиска помош однадвор. Посетите на семејствата продолжија, но со помал интензитет, главно со цел да ги решат моментално настанатите проблеми. Овие посети, во повеќето случаи, не вклучуваат претставници на ромски НВО или на заедницата.

Заклучоци и препораки

Постигнат е напредок во подигање на свеста за образованието во ромските заедници, иако социјално и економски најмаргинализираните заедници се се уште тешко достапни со конвенционалните методи како работилници и дебати.

Работата со родителите се смета, како од страна на НВО, така и на училиштата, за најважна и најефикасна активност која директно влијае на зголеменување на запишувањето и намалување на отпишувањето на децата. Посетата на семејствата беше опишана како ефикасна, но и неисплатлива и неодржлива алатка во поширок контекст, поради субвенциите кои ги плаќаше ПОР.

Бројот на ромски ученици кои го напуштиле образованието и на ученици кои го повторуваат одделението останува највисока во споредба со другите етнички групи, а нередовната посетеност на наставата од страна на ромските деца продолжува да биде сериозен проблем.

Доколку повисокото образовно ниво кај децата Роми не резултира со подобри услови за живот и можности за вработување на младите Роми, тогаш повисоката свест за образованието може да има обратен ефект во блиска иднина.

За да може полесно да се допре до социјално и економски позагрозените ромски општини, градењето свест за образованието ќе треба да стане дел од пошироките иницијативи за „интегриран“ развој на општините и/или да се комбинира со кампањите за неформално образование, особено кога станува збор за младите мајки.

2.2.3 Подобрени односи помеѓу ромските заедници и локалните основни училишта

Главни активности во оваа компонента беа:
- организација на обуки за интеркултурно учење (ИКУ);
- работилници на размена на искуства и информации помеѓу училишта, НВО и родители;
- подобрување на односите помеѓу ромските заедници и училиштата (посета на семејствата за решавање проблеми, посредување).

Показатели според логистичката рамка беа:
- задоволството на учесниците од семинарите на ИКУ;
- бројот на иницијативи за заедничко решавање проблеми на училиштата и заедниците;
- постигнати договори за начините на соработка помеѓу училиштата и заедниците вон програмата;

Планирани измени во втората фаза на програмата беа:

- вклучување ученици и наставници од 1-4 одделение;
- повеќе семинари за ИКУ;
- поголема професионална размена на информации помеѓу училиштата.

Вклучувањето на деца од прво до четврто одделение, концептуална потреба, се случи во учебната 2004/5 година, само 4 месеци пред завршувањето на проектот. Неформално, неколкумина наставници од овие одделенија беа вклучени во активностите на ПОР уште од самиот почеток. Ова важно програмско прилагодување дојде премногу доцна за да има некој ефект (на пр. врз намалување на бројот на напуштање на училиштето во петто одделение).

Училиштата известија дека со помош на НВО тие ги подобриле односите со ромските заедници. Тие соопштија дека родителите Роми често се присутни на родителските средби и пред сé НВО помогнале во посредувањето при решавање проблеми со учениците и ромските семејства. На овој начин, ромските НВО дејствувале како врска помеѓу училиштето и заедницата. Односот помеѓу НВО и училиштето беше пресуден фактор. Критериумите за успех беа (а) НВО кои имаа пристап до ромските заедници (грасрут ниво), (б) взаемни односи помеѓу НВО и училиштето, и (в) раководството во училиштето кое излегло во пресрет на целите на ПОР. Во случаи каде еден или два од овие фактори не беа исполнети, соработката беше или неплодна, или пак помалку плодна, и достигнувањата на проектот беа помали (на пр. во Скопје).

Наставниците и членовите на училишните стручни тимови кои учествуваа во ПОР станаа посвесни за ситуацијата со ромските семејства и пречките со кои се соочуваат ромските деца за да учествуваат во образованието. Посетите на семејствата најмногу помогнаа да се согледа тоа. Сепак, само мал број наставници ("затворен круг") беше вклучен во овие активности, така што резултатот останува со ограничен размер. Платената поддршка за учество во домашни посети можеби била една од причините за неинволвираност на останатите. Ова може да не претставува голем проблем, но вклучените наставници и раководството во училиштата недоволно иницираа споделување на своето искуство со другите наставници во училиштето.

Промената на ставот на наставниците кон ромските ученици тешко може да ја процени некој однадвор, особено во отсуство на мониторинг систем кој редовно контролира "благи фактори на промени" и открива трендови. Вообичаениот коментар од наставниците е: "во нашето училиште нема дискриминација". Но, постојат индикации дека сепак има стереотипови на наставници кон ромските деца и во некои случаи се чини дека се применува преку присуство на неколку едукативни програми за Ромите во околината. Еден директор на училиште праша: "Нашите ученици се сите исти, зошто толку се трудите за Ромите?". И уште подрастична изјава: "На нашите наставници им е смачено од Декадата на Ромите".

Спроведувањето на семинарите за ИКУ од страна на МЦМС беше под планираното. Беа планирани 6 семинари, а се спроведоа 4. Максимум 3 наставници од училиште учествуваа на семинарите за ИКУ . Во училиштата немаше механизми и помош од страна на ПОР кои би го олесниле втемелувањето на научената, т.е. интерни сесии

во училиштето каде наставниците би ги споделиле искуствата со нивните колеги. Освен тоа, ПОР не ги помогна процесите на размена помеѓу училиштата како што е наведено во документот за измена на програмата подготвен и одобрен во 2004 година[4].

Главна пречка за одржливоста на ПОР е честата промена на клучниот персонал во јавните институции, која обично се појавува по локалните и националните избори. Во повеќето училишта имало најмалку 2-3 смени на директори за време на ПОР. Ова влијае врз односот помеѓу НВО и училиштето, како и врз изградбата на односот помеѓу училиштето и ромските заедници.

ПОР сакаше да го намали плаќањето финансиска помош за училиштата и наставниците, со цел да не создаде зависности и уништувачки самоиницијативи. Посетите во семејствата за решавање проблеми или слободните активности по училишните часови се обврска на секој наставник. Овие одговорности едвај се исполнуваат во пракса. Наставниците мислат дека се слабо платени и дека доволно работат. Инволвираноста на наставниците во активностите на ПОР не е секогаш непречен процес, според НВО. Плаќањето финансиска помош преку надворешно финансирање, колку и да е мало, (на пр. посети на семејства или слободни активности) секогаш влијае на одржливоста. Фокусирањето на трансформација на системот и намалувањето на финансиска помош нема за возврат да обезбеди видливи непосредни резултати. Ова е дилема која не може лесно да се реши. На пример, критичен беше проектот за менторирање слаби ученици кој се одвиваше после ПОР. Според НВО, проектот предизвикал љубомора помеѓу наставниците и за возврат имал негативен ефект врз редовната настава. Како алтернатива НВО користеле постари ученици или ученици од средни училишта за менторирање.
Други национални играчи се помалку скептични и позаинтересирани за непосредните резултати. ФИООМ е во фаза на имплементирање голем проект за унапредување на учеството на Ромите во основното образование. Една голема цел на оваа програма е да ја подобри образовната средина за децата Роми. Во секое училиште ќе има единица за обезбедување менторски часови, која ќе работи исклучиво преку надворешно финансирање. Оваа мерка може веднаш да има позитивен ефект, но, дали ќе биде одржлива ако се земе предвид дека Министерството за образование едвај ќе има средства да продолжи со активностите позавршувањето на истата? Ова се обемни прашања и се однесуваат на образовните реформи како што е ефикасно финансирање на образовниот систем и подобрување на управувањето со училиштата, кои се вон доменот на ПОР.

Заклучоци и препораки

Со помош на НВО, инволвираните локални основни училишта во повеќето посетени места ги подобрија односите со ромските заедници. Критичен фактор за успех за оваа компонента беше природата на училиштето – односот на НВО и посветеноста на раководството на училиштето кон каузата на ПОР. Постоеше тенденција училиштата со повисок процент ученици Роми да покажат поголем интерес за програмата.

[4] Според МЦМС овие средби за размена на искуство не се одржувале поради други обврски на претставниците на училиштата, како и поради недостигот на капацитет на НВО да организира ваков вид средби (извадок од Завршниот извештај за проектот Размена на искуство 03 08 ПОР 401)

Измените на програмата беа имплементирани премногу доцна. ПОР не ја помогна доволно размената помеѓу наставниците/стручни тимови на различни училишта. Училиштата немаа внатрешни механизми да го споделат она што го научиле во ПОР со наставниот кадар кој не беше директно вклучен во програмските активности.
Овие недостатоци имаа ограничувачки ефект врз влијанието и одржливоста на програмата.

Честата смена на директорите на училиштата и вработувањето директори кои можеби не се доволно квалификувани за тие места е главна пречка за програмите од ваква природа и општо за развојот на училиштата. Последиците, во моментот, може да бидат ублажени само преку одржливи напори на локалните НВО во градење односи. На национално ниво, ова е прашање за создавање јавна свест.

Основните училишта имаат огромни потреби за градење капацитети, кои се вон капацитетот на програми како што е ПОР. Училиштата треба да развијат механизми и капацитети за интерна квалификација и споделување искуства (обука низ работа), што би дозволило надворешни обучувачи (на пр. обука за ИКУ) да се фокусираат на обука на "мултипликатори".

2.2.4 Подобрување на квалификациите и способностите на младите Роми

Главни активности во оваа компонента во втората програмска фаза беа:
- Овозможување пракса за младите Роми во локалните мали и средни претпријатија;
- Организирање промотивни активности за подигнување на свеста за прашања поврзани со вработувањето на Ромите;

Показатели според логистичката рамка беа:
- Бројот на кандидати за обука;
- Бројот на фирми што нудат пракса;
- Бројот на Роми и Ромки кои успешно ја завршиле обуката;
- Дневницата или самовработување по завршувањето на обуката[5].

По среднорочната оценка, пристапот и стратегијата за имплементација значително се изменија:
- Намалување на бројот на корисници од 250 годишно на 100;
- Со промената кон овозможување пракса, кратките курсеви во работничките универзитети беа прекинати, координацијата на оваа компонента беше префрлена на МРФП (дел од имплементацијата се случи со финансирање од страна на МРФП);
- Започнување мерки за промовирање еднаков пристап за младите Роми на пазарот на работна сила: спроведување работилници кои вклучуваа локални агенции за вработување и локални работодавци.

Стручната обука беше пилот проект за повеќето инволвирани страни. Наодите опишани подолу треба да се разгледаат во овој контекст. Мерките за унапредување

[5] Овој показател беше употребен од страна на МРФП во студијата за постигнувањата (не се содржани во логистичката рамка)

на вработувањето (работилници со локални агенции за вработување, НВО и локални работодавци) се проценуваа само во целосниот контекст на оваа програмска компонента. За МЦМС и МРФП стручна обука и унапредување на вработувањето можеби не се стратешки фокус. Затоа научените лекции ќе им користат повеќе на ромските НВО кои намераваат да спроведуваат вакви програми во иднина.

Некои НВО експериментираа со праксата во првата фаза, но повеќе како последователна мерка откако практикантите ја завршија двомесечната обука во центарот за обука (работничкиот универзитет). Во оваа фаза обуката преку работа беше организирана за "почетници". Проектот беше имплементиран од страна на 6 ромски НВО на 5 локации. 63% од финансирањето беше од страна на МРФП во 2005, а во 2006 МРФП целосно ги финансираше активностите. 59 практики беа овозможени во 2005 и 54 во 2006. За секој практикант беше направен договор со локалната агенција за вработување, работодавачот и практикантот. Периодот на обука за сите струки беше 4 месеци. Секоја фирма доби помош од приближно 65 евра месечно, практикантите добија плата од приближно 16 евра месечно за превоз и храна. По лице трошоците за целиот проект во 2005 (вклучувајќи промотивни активности) беа приближно 550 евра, без промотивните активности (субвенции за компаниите и обучувачите, плус оперативни трошоци) трошоците беа 350 евра по лице (87 евра месечно по лице).

Според студијата за постигнувањата спроведена пред оценката, приближно 30% од практикантите се или вработени со плата во мали претпријатија или пак се на понатамошна обука како практиканти без надоместок за компанијата. Повеќето работодавци не беа Роми. (*за резултатите од студијата види Прилог 3).* Според истата студија, спроведена по првата фаза (официјалната) стапка на вработеност беше само 11%. Стапката на невработеност на младите Роми на национално ниво е над 80%. Оваа стапка ги зема предвид активностите за егзистенција во неформалната економија. Извештајот за годишната програма од 2004 година дава информации за потешкотиите да се добијат веродостојни податоци од студијата: "повеќето корисници се колебаат да дадат вакви информации со цел да го избегнат ризикот да ја загубат државната социјална помош". Во извештајот понатаму се дискутира за случај во кој корисници на стручни курсеви за обука во првата фаза одбиле формално вработување во текстилна индустрија бидејќи им било подобро да работат во неформалниот сектор (или "сива економија").

Тимот за оценка посети некои од претпријатијата во три локации, спроведе групни интервјуа/разговори со сопствениците на претпријатијата и со корисниците.

Имплементацијата на проектот за пракса започна во јуни 2005 година, околу 6 месеци подоцна од предвиденото. Според НВО времето за подготовка било премногу кратко (само еден месец) и тоа ја компромитирало селекцијата на работилници, како и изборот на обучувачи. Како што претходно беше наведено во полугодишната оценка, критериумите за избор на корисници не беа секогаш транспарентни. Целната група требаше да бидат млади Роми на возраст од 15-30 години.

Идентификација на претпријатија беше еден од предизвиците за НВО. Во една локација НВО имаше селектирано вкупно 15 претпријатија, со просечно 2 практиканти по претпријатие (што е соодветно), додека пак во друга локација НВО

можеше да идентификува само 3 фирми и 6 (!) практиканти во мало претпријатие, што беше вон капацитетот за добра обука.

Поголемиот дел интервјуирани практиканти беа над 20-годишна возраст, многумина беа во брак и имаа семејство. Во сите локации тимот сретна практиканти кои на некој начин беа поврзани со НВО, или пак беа во роднинска врска со лице поврзано со НВО. Во еден случај дури и братот на сопственикот на работилницата беше избран. Од овие набљудувања произлегуваат различни претпоставки: или немало доволно време да се регрутираат практиканти во заедниците, или пак процесот на селекција не бил доволно отворен.

Проценувачот не можеше да добие точни податоци за напуштање на праксата, информациите дадени од страна на НВО не беа секогаш еднакви со информациите добиени на терен. Во еден случај на тапацирачка работилница сопственикот дал извештај дека во две групи практиканти со вкупно 12 лица, само 6 ја завршиле обуката. Ова е веројатно единствен случај. Во други локации сликата беше попозитивна, но ја нагласува потребата од почести контролни посети.

Обуката беше оценувана од страна на интервјуираните млади луѓе (не можеше да се интервјуираат бивши практиканти кои ја напуштиле програмата пред да завршат). Интервјуираните изјавија дека обуката преку работа им дава подобри вештини отколку обука во работнички универзитет (некои правеа споредба). Според практикантите и работодавците периодот на пракса беше премногу краток. Во некои случаи практикантите пројавија интерес да ја продолжат обуката по 4-те месеци, но работодавецот бараше да се продолжи со плаќањето од 64 евра .

Заклучоци и научени лекции:

Пристапот во оваа фаза беше нов за повеќето НВО и за МРФП. Тоа беше пилот проект каде може да се погреши, сé додека лекциите се документирани и научени за идни интервенции.

Овозможување пракса е чест пристап во унапредување на вработувањето. Пристапот се користи да им помогне на економски обесправени групи да добијат пристап до пазарот на работна сила. Ризик: доколку субвенциите на работодавците се главна интервенција, може да не е одржливо. Пристапот на ПОР за подигнување на свеста на локалните агенции за вработување и локалните претпријатија е корисна стратегија, доколку имплементацијата не е ограничена со многу тесна временска рамка (како што беше случајот). Позитивниот исход од овој пилот проект е дека работодавците кои не се Роми почнаа да го менуваат својот негативен став кон младите Роми. Не се обрнуваше внимание на широко распространетиот став дека егзистенцијата на младите Роми и ромските семејства е само во сивата економија.

Стапката на вработеност од 30% е приближно еднаква на стапката на учество на младите во вработувањето во Македонија на возрасна група од 16-24. Стапката на невработеност на младите Роми, од друга страна, пак, веројатно ќе биде повисока од 80% (ТО немаше пристап до ажурираната статистика за вработување заснована на етничка припадност). Резултатите се прв охрабрувачки чекор, но за која било наредна програма целта на вработувањето треба да биде повисока од 30%. Згора на тоа, програмите од овој тип треба исто така да промовираат самовработување и

треба да бидат поврзани со пошироки развојни иницијативи за младите Роми со микро и мали претпријатија.

Возраста на целната група за стручна обука беше 16-30 години. Сепак, голем број од практикантите беа едноставно престари за програма од овој вид. Многумина имаа семејства, а да се биде практикант и регистриран од страна на Агенцијата за вработување во исто време, како и привремено вработен, за нив значеше недостаток од средства за грижа за семејството. Во иднина, целната група треба да биде ограничена на 16-25 години.

Повторувањето на програмата за пракса од страна на јавните институции и ромските НВО без надворешно финансирање ќе биде невозможно заради плаќањето субвенции на фирмите. Сепак, трошоците по лице (во просек помалку од 100 евра месечно и по лице) се пониски од оние на конвенционалните програми за стручна обука и стапката на вработеност е споредбено повисока.

Унапредување на вработувањето е област која бара специфична експертиза. Таа не треба да се имплементира во рамките на широка образовна програма. Чекорот на префрлување на координацијата на обуката на практиканти на МРФП беше во основа корисна.
Други научени лекции:

- Потребно е повеќе време за проучување на пазарот, подигнување на свеста и градење односи со локалната бизнис заедница;
- Доколку повеќе од два практиканта се испратени во мало претпријатие, квалитетот на обуката преку работа рапидно се намалува,
- Очекувањата на обуката треба да бидат транспарентни за сите инволвирани страни, треба да постои договор со работодавецот кој наведува минимални резултати на учење (да се развијат заедно со сопственикот или одговорното лице!);
- Обуката преку работа трае подолго, но е порелевантна за пазарот бидејќи се одвива во светот на работење. Програмите треба да дозволат подолг период на пракса (6 месеци и повеќе), но плаќањето на претпријатието треба постепено да се намали. Забелешка: колку повеќе вештини стекнува практикантот, толку е попродуктивен и од корист за работодавачот;
- Напуштање се појавува кога очекувањата не се исполнети. Со оглед на тоа што малкумина млади Роми се добро информирани за пазарот на работна сила (потребна е ориентација кон работата! Погледни препораки во средниот евалуационен извештај), дозволете да има напуштање. Поделете го периодот во две фази: прва “ориентациона фаза не подолга од 2 месеци, потоа разговор со кандидатот и работодавачот и одлука за продолжување (селекција на оние кои се мотивирани и кои имаат добри изгледи да се вработат);
- Селектирање на помлади практиканти, тие веројатно ќе имаат поголема желба да научат и ќе имаат помалку зависности (без фамилија која треба да ја нахранат...).

Општи препораки се дадени во глава 3.

2.2.5 Активности за лобирање и застапување

Во овој дел ТО се фокусира на активнотите за застапување на ПОР и поддршка на *Мрежата Рома 2002.* За аспектите на активностите на Л&З на партнерите на ПОР погледнете го извештајот од среднорочната оценка. Активностите на Л&З од страна на ДЦА не се проценети.

Според документот за измена на програмата 2004 оваа компонента требаше да биде главен фокус на ПОР во преостанатиот период од програмата. Главни активности беа:

- Промоција на Мрежата Рома 2002;
- Координација на национални активности за застапување (Меѓународниот ден на Ромите);
- Информации до јавноста преку реализација на истражувачки студии и промовирање на резултати и издавње друг информативен материјал на Ромите;
- Координација на разменските посети.

Показатели според логистичката рамка беа:

- Мрежата Рома 2002 целосно воспоставена во 2005 година;
- Број на промовирани заеднички активности за Л&З со јавните институции;
- Број на продадени детски книги; и
- Број на и успешни дански и меѓународни активности на Л&З.

Од 2003 година МЦМС поддржува различни активности чија цел е свртување на националното внимание врз ситуацијата на Ромите општо, а особено учеството на Ромите во образованието. ТО немаше средства детално да ги разгледа овие активности. Беа разгледани следниве аспекти: напредокот во создавање заедничка платформа за активности за Л&З на ромските НВО и видливоста на ПОР во јавноста.

Издадените истражувачки студии вклучуваат компаративна студија, издадена на ЦД-ром, за ситуацијата на Ромите во Македонија и Словачка и студија за образовната ситуација на Ромите во Македонија. Обете студии се од огромна важност и квалитет и беа преведени на македонски јазик од страна на МЦМС[6].

Пристапот на МЦМС задржувајќи се на фацилитација за овозможување на активностите за Л&З повторно се соочи со неколку тесни грла. Според вработените во МЦМС на партнерските НВО им недостасувала самоиницијатива и имаа потешкотии при усогласувањето за заеднички прашања и активности, а тоа резултирало со мала ангажираност на ПОР за Меѓународниот ден на Ромите во 2004. Еден самокритичен извештај од 2004 година вели дека на активностите за Л&З се уште им недостасува систематски пристап и биле повеќе од ад хок природа (види среднорочна оценка). Во 2005 година МЦМС, според свое кажување, презема поактивна улога во организирањето активности враќајќи го ПОР во очите на јавноста, особено на Меѓународниот ден на Ромите.
Од двете директни посети планирани во соседните земји, една беше организирана во Бугарија. Учесници беа организации членки на Мрежата Рома 2002 и

[6] Една студија беше исто така преведена на ромски јазик.

претставници на релевантни јавни институции, помеѓу кои и Министерството за образование и Министерството за труд и социјална работа. Посетата беше оценета како многу успешна бидејќи покажа краткорочно влијание на поделбата на Ромите во образовниот систем.
Во однос на државни институции (Министерство за образование и Министерството за труд и социјална работа), ПОР беше видлива програма на национално ниво. Четири партнери на ПОР се членки на националното координативно тело на Декадата на Ромите. Дискутабилно е дали заслугата е главно на самите НВО или ПОР, но може да се заклучи дека ПОР имаше влијание на вклученоста на ромските НВО во националните напори за Л&З.

Мрежа Рома 2002
Како волонтерска иницијатива, мрежата, како што кажува и самото име, постои од 2002 година. Главна цел беше заеднички да се започне и имплементираат активности за Л&З на национално ниво. Според членовите, мрежата е иницијатива на ромските НВО, не на МЦМС: "ние (членовите на мрежата) и МЦМС имавме слични интереси, тоа беше победа за двајцата...". Во моментов мрежата има 10 членови. Во октомври 2005 година Рома 2002 стекна формален статус на НВО и со финансиска помош од МЦМС отвори канцеларија во Скопје. Канцеларијата продолжи да работи со минимално финансирање од други извори и од МЦМС и моментално има двајца вработени, од кои еден работеше како волонтер за време на интервјуто, а другиот беше финансиран од друг проект на Рома 2002. Во моментот, трошоците за закупнина на канцеларијата и режиските трошоци се покриени со членарина и преку приходот од друг проект кој мрежата го имплементира[7]. Мрежата има и своја веб страна: www.rnvoroma2002.org.mk.

Како што претходно беше наведено, членовите на *Рома 2002* се активно ангажирани во лобирачки активности на национално ниво. Тие учествуваа во развојот на националниот акционен план за Декадата на Ромите, членови се на националното координативно тело за Декадата на Ромите, како и на Лоби-групата за Образование на Ромите. Членовите исто така иницираа локализирање на националните акциони планови. Во овие активности индивидуалните ромски организации се оние кои се видливи, а не мрежата Рома 2002. Од завршувањето на ПОР се чини дека само неколку иницијативи произлегоа од мрежата и беа имплементирани од неа.

Главна критика од страна на другите ромски НВО кои учествуваа во ПОР е дека мрежата остава впечаток на "затворен клуб" кој не е отворен да прифати други членови. Членовите мислат дека треба прво да ги средат нивните внатрешни работи, пред сé да станат финансиски независни, и потоа ќе можат да примаат други членови. Тие исто така мислат дека доменот на капацитет на НВО во мрежата е премногу широк. Второ, постојат различни мислења околу намената и целите на мрежата. Некои на неа гледаат како на тело за собирање средства и извршување заеднички проекти, и проценувачите се скептични за ова. Други би сакале да се навратат на основните функции на активностите за Л&З и на ротирачкото претседателство и "lean" структура, како што се практикуваше пред мрежата да стане НВО.

[7] Проектот е наречен: "Вклучување на Ромите во процесот на мониторинг и комуникација во рамката на Декада за вклученост на Ромите во Македонија", финансиран од страна на Институтот Отворено Општество (Канцеларија за иницијатива на Ромите, Будимпешта – Фондација Зуг)

Во фаза на подготовка е студија за мрежите во Македонија која исто така ќе ја оцени Мрежата Рома 2002.

Заклучоци и препораки[8]

Некои од заклучоците дадени во среднорочната оценка се се уште валидни, меѓутао одреден прогрес е направен. Во процесот на национална децентрализација ќе бидат донесени повеќе одлуки на полето на образование на локално ниво (општини) каде НВО имаат углед и положба. Три НВО се активно вклучени во развојот на локалниот акционен план за Декадата на Ромите. Водечките ромски НВО се јасно видливи на национално ниво, но се чини дека им недостасува заедничка стратегија за застапување во однос на образованието на Ромите. Постојат различни мислења за "вистинскиот" пристап, тие вариираат од посепаратистички мислења ("училишта само за Роми") до пристапот на „меинстрим" кој го практикуваше ПОР.

Главнен недостаток во текот на имплементацијата на ПОР беше недостаток од самоиницијативи и капацитет за помалите НВО да се ангажираат во активностите за застапување и лобирање. Наместо да се фокусира на национални прашања (кои се се уште релевантни и неопходни), ПОР требаше да стори повеќе да помогне при советување на НВО за развој на локални иницијативи за застапување.

Напредок исто така има во воспостувањето на Рома 2002 како платформа за иницијативи за Л&З. Сепак, главно доминантните членки НВО се видливи на национално ниво, а не самата мрежа. Работењето на мрежата е далеку од независно, вработените не се доволно стручни за Л&З. Визијата на мрежата не е доволно јасна. Мрежата нема јасна стратегија на застапување и нејзината канцеларија не работи доволно блиску до донесувачите на одлуки. ТО е најскептичен околу предвидената улога на мрежата како тело за собирање средства и имплементација на проектот бидејќи може да го пренасочи вниманието на членовите од првичната цел.

Главни задачи за застапување се мониторинг на имплементацијата на националните и локални акциони планови за Декадата на Ромите, со фокус на образованието и вработеноста. ТО ги поддржува плановите на МЦМС за понатамошна поддршка на Рома 2002 финансиски и со градење капацитети, но под услов Рома 2002 повеќе да се фокусира на своите основни функции (кои можат да вклучат имлементирање на заеднички проекти за Л&З како кампањи) и развојот на организациска структура која може да биде финансиски независна во наредните 1-2 години.

2.3 Планирање, имплементација и мониторинг на програмата

Прашањата покренати во извештајот од среднорочната оценка кои сеуште се релевантни, тука нема да се повторат. Ќе се нагласат само оние прашања кои се од важност за секоја друга програма од ваква природа за МЦМС и за партнерите на НВО.

[8] Види исто така Извештај од среднорочната оценка, глава 2.3.4.

Севкупно планирање и имплементација на програмата:

По среднорочната оценка, ПОР помина низ долг партиципативен процес на согласување со измените на програмата. Овој процес бараше време и енергија и резултираше со видлив пад на имплементацијата на активностите во 2004 година. Наместо да се чека одобрение за целиот пакет, измените можеа да се имплементираат во фази, разликувајќи се помеѓу помали промени да се имплементираат веднаш и други за кои беше потребно одобрение. Доцната имплементација на измените, како што беше претходно наведено, влијаеше врз севкупниот напредок.

Во процесот на измена на логичката рамка, основата за планирање на програмата беше целосно ревидирана и беа додадени нови показатели за влијание на мониторингот. Алката што недостасува, сепак, беше измената на алатките за мониторинг. Тимот на ПОР продолжи да ги користи претходните прашалници за училиштата, со резултат, на пример, дека собраните податоци не се диференцирани по род. Анализите на податоците треба да се подобрат, во извештаите треба појасно да се наведат заклучоци и непосредни прилагодувања во управувањето со програмата.

Друго успорување кој влијаше на МЦМС беше континуираниот слаб капацитет на неколку НВО за финансиски менаџмент и известување. За да се надомести овој недостаток, проектниот тим мораше да вложи повеќе енергија во администрацијата, на сметка на мониторинг на терен. Бројот на мониторинг посети на НВО и училиштата, според партнерите, не беше доволен.

Заклучоци и препораки

Поголем акцент треба да се стави на развој на мониторинг системи “засновани на резултат” во кои засегнатите страни играат улога. Мониторинг улогите треба јасно да се објаснат и да бидат согласни во проектните документи со секој партнер. Средбите за осврт на мониторингот (кои се одржуваат најмалку два пати годишно) треба да ги вклучат сите вклучени страни (во овој случај и училиштата и Министерството).

Мониторинг посетите на терен не беа доволни, во при планирањето на капацитетот треба ова да се земе во предвид.

Соработка помеѓу акционерите:
(види исто така поглавје 2.2.3.)

МЦМС и НВО

Сите посетени НВО изјавија дека соработката беше добра. Најмногу им се допадна транспарентноста во односот. Се критикуваше ненавремениот трансфер на финансиски средства. Тие не ги добиваа финансиските средства пред октомври, а школската година започнува во септември. Исто така се постави прашање зошто немаше финансирање за време на летниот период за активности за подигање на свеста.

Во два случаи договорите со НВО беа предвреме прекинати во текот на 2004 и 2005 година. Ниту една од овие организации не беше посетена од страна на тимот. Донесените одлуки звучат логично на ТО.

Извештаите на НВО останаа слаби и тоа беше причина за загриженост (и за доцнење на финансиските средства). Мониторинг системите (на НВО и училиштата) се генерално слаби. Градењето капацитети не помага секогаш и во Македонија се намалуваат ресурсите за обезбедување обуки во овие области. Се дискутираа две опции за решавање на ова прашање:

- МЦМС како координативна организација игра поактивна улога во мониторинг на податоците и известување за резултатите (како што е стратегијата на ФИООМ);
- Јасни критериуми се применувани до НВО, меѓутоа извештаите до донаторите јасно наведуваат недостатоци од страна на партнерите, подрстични донесени одлуки се прекин на партнерствата.

НВО и училишта
Види исто така глави 2.2.1. и 2.2.3.

Односите помеѓу ромските НВО и училиштата генерално се интензивирани преку ПОР. Повеќето посетени училишта гледаат на НВО како на важна врска со ромските заедници (“доколку имаме проблем, ние ја контактираме НВО”). Ова е истовремено и предност и слабост[9] и не успеваше со НВО кои немаа доволни врски со ромските заедници.

Во неколку случаи имаше недостатоци во односите кои веќе функционираат добро. Во повеќето од овие случаи смената на директори беше главен проблем, особено доколку лицето претходно не било вклучено во ПОР. Стереотипи и недовербата/сомнежите околу лојалност се негативни фактори. Односот НВО – училиште може да биде засегнат од страна на политички односи на обете страни. Особено е чувствително политичкото работење на активистите на НВО[10].

[9] слабост доколку самото училиште не преземе доволна иницијатива и доколку односот НВО – училиште се прекине еден ден

[10] Во Скопје, односот помеѓу НВО и училиштата не беше многу успешен во сите три случаи. Обвинувања имаше од двете страни за тоа зошто односот не беше успешен, беше прилично тешко за ТО да реши кому да верува повеќе. Проблемите можеа да бидат со два краја: НВО можеби не биле доволно партиципативни во нивниот пристап, или пак имало отпор од страна на училиштето да соработува (види ги горенаведените причини). Некои НВО од Скопје не беа во можност да развијат

Училиштата бараа поголема вклученост во координативните средби со МЦМС и НВО (види ја документацијата од работилници). Иако имаше изјави дека вклученоста во планирањето на активностите од страна на НВО се подобрила, тие исто така сакаат да видат поголема транспарентност, на пр. да добиваат извештаи од НВО за планираните и реализирани активности, вклучувајќи финансии. Некои дури тврдеа дека проектот можеше да постигне повеќе доколку училиштата добиваа директно финансирање од МЦМС. Овој обид за ставање НВО настрана и добивање директна контрола врз финансирањето веројатно е непожелно, но повикот за поголема транспарентност треба да се сфати посериозно.

НВО и заедници

Односот помеѓу НВО и заедницата зависи од тоа дали НВО има традиција на работење со заедниците или не. Ние ги видовме обете. Во неколку случаи врската со заедницата беше слаба; ова се однесува на повеќето НВО од Скопје (види горе), Етничката позадина на НВО е друго прашање. Природно, ромските НВО имаат подобри односи со ромските заедници, отколку неромските НВО, но, како што покажуваат примерите, ова не е секогаш случај. Еден од добрите примери во однос на поврзаноста помеѓу заедницата и училиштето е ромска НВО која вработува етнички неромски персонал.

Речиси сите активности на ромските НВО во однос на образованието на Ромите се финансирани од проект. Постои недоволна свест за “самопомош” и волонтерство помеѓу ромските НВО и ромските заедници. Ова ќе влијае врз одржливоста на интервенциите на ПОР.

доволни врски со заедницата, така што училиштата не можеа да видат директна корист (ова сигурно беше случај со НВО каде договорот се прекина).

3 Можности за унапредување на образованието и вработеноста на младите Роми

Во ова поглавје ТО дава краток преглед на четири стратешки можности за МЦМС и неговите партнери како да се одржи неопходниот напор за унапредување на учеството на Ромите во образованието, и како да се унапреди работењето и егзистенцијата на младите Роми.

Резиме на клучни надворешни фактори:

- Декада на Ромите: обезбедува рамка за образование на Ромите;
- Широк консензус за потребата генерално да се подобри основното и средното образование во Македонија;
- Приоритетни потреби на образованието на Ромите, основа за ПОР, сеуште се релевантни – види студии во библиографијата;
- Моделот на ПОР сега (делумно) се повторува од страна на ФИООМ;
- Можностите за финансирање на образовните програми на Ромите надвор од доменот на Образовниот фонд на Ромите (Светска банка и Фондацијата Отворено општество Македонија) се ограничени;
- Младите Роми и понатаму се соочуваат со огромни бариери за да влезат на (формалниот) пазар на работна сила и/или да имаат пристоен живот преку активности за егзистенција во неформалната економија;

Резиме на внатрешни фактори на МЦМС:

- Образованието треба да стане стратешки приоритет за МЦМС, особено:
  - Неформалното образование;
  - Образование за маргинализирани групи;
  - Градење капацитетите на граѓанските организации кои работат на клучни образовни прашања (здруженија итн.);
- За во иднина нема приоритет имплементација на проекти на грасс - роот ниво;

Можност 1: Минимално решение
Овозможување активности за лобирање и застапување на мрежата Рома 2002 и да се продолжи со градење на капацитетите (оваа можност е во моментот имплементирана со финансиите од страна на ДЦП).

Области на интервенција:
- Мониторинг на имплементацијата на Националните акциони планови;
- Овозможување на развојот на акционите планови на локално ниво и мониторинг на нивната имплементација;
- МЦМС да ја интегрира Рома 2002 во други лобистички активности на национално ниво и обратно.

Можност 2: Последователна програма на ПОР

Начело:
- Унапредувањето на вклученоста на Ромите во основното образование е процес кој бара понатамошно внимание;

- Достигнувањата на ПОР не се консолидирани;
- Програмата на ФИООМ остава (географски) празнини (треба да се процени);

Клучни карактеристики:
- МЦМС да имплементира програма која е комплементарна на програмата на ФИООМ за основно образование,
- Помалку партнери отколку за време на ПОР;
- Една НВО може да работи со повеќе од едно училиште (научена лекција!);
- Фокус на локации со поголем број ромско население и високо ниво на маргинализација;
- Концептуални измени засновани на научени лекции: поголем фокус на предучилишно образование и 1-4 одделение;

Области на интервенција:
- Градење капацитети на училиштата;
- Градење капацитети на НВО;
- Овозможување пристапи на самопомош;
- Не постои компонентата „стручна обука“ (СО);
- Можно вклучување елементи на училиште за возрасни комбинирано со активности на подигање на свеста помеѓу родителите Роми;

Можност 3: Зајакнување на основното образование во согласност со процесите на децентрализација

Начело:
- Слаби резултати на македонскиот образовен систем, особено основното образование;
- Предизвиците (и можностите) кои произлегуваат од процесот на децентрализација;
- Предности на интегрирање на образованието на Ромите како еден фокус во мејнстрим програмите (избегнување предрасуди);

Клучни карактеристики:
- “Меинстрим” програма за унапредување на процесите на образовни реформи, унапредувањето на образованието на Ромите е интегрирана програмска компонента;
- Фокус на мезо ниво со поврзаност со микро ниво (училишта) и макро ниво (образовен систем);
- Работење со посреднички организации (на пр. здруженија на наставници);

Области на интервенција:
- Градење капацитети на локалните управи/општини да ја превземат нивната одговорност во образованието;
- Градење капацитети за поефикасно управување со училиштата и подобрување на системите за документација на училиштата;
- Градење капацитети на наставниците во однос на интеграција на малцинските групи (врска со образованието на Ромите);

Можност 4: Унапредување на селектираните ромски НВО да спроведуваат програми за унапредување на вработувањето на младите Роми

Начело:

- Младите Роми се соочуваат со бариери кон вработувањето;
- Најголемиот предизвик за ромските заедници е нивната социо-економска маргинализација;
- Подобро образование на Ромите нема да води кон подобри можности за вработување и егзистенција доколку нема специфични мерки за унапредување на вработувањето;

Клучни карактеристики и области на интервенција:

- Регионална програма со фокус на мезо и микро ниво;
- Фокуси на стручна ориентација и обезбедување можности за обука вклучувајќи неформална и формална стручна обука и пракса;
- Тесна соработка со Агенциите за вработување и Министерството за труд,
- Користење на лекциите научени во ПОР!;